Erasmus+

Co-funded by the Erasmus+ Programme of the European Union

# ЕРАЗМУС+ ПРОЕКТ “OUR LIFE IN OUR HANDS“ („НАШИОТ ЖИВОТ ВО НАШИ РАЦЕ“)

Во рамките на Еразмус+ програмата, КА 229 - Стратегиски партнерства за училишни размени, во нашето училиште во периодот септември, 2020-август, 2023 год. се реализираше проектот "Our life in our hands" ( „Нашиот живот во наши раце“). Проектот истовремено се реализираше и како еТвининг проект.

Учесниците во проектот се вклучија во разнородни активности со примена на различни форми: уметнички работилници, активности на отворено, театарски претстави, изработување на видеа и плакати за промовирање на рационално, економично и еколошко живеење, еко и волонтерски активности, работа на блогот на проектот. На тој начин успешно се реализираа предвидените цели на проектот: младите станаа свесни за фактот дека нивното однесување влијае на квалитетот на животот на идните генерации; усвоија вештини за рационален, штедлив живот заснован на стари, проверени методи на генерациите на нашите баби и дедовци, на културните традиции на секоја земја партнер. Станаа свесни за неопходноста за подобрување на шансите за успех на маргинализираните социјални групи; научија како да се справат со тешкотиите благодарение на мудроста на претходните генерации, да им помагаат на другите, да ги рециклираат старите работи и да отстапат од прекумерна потрошувачка во корист на повредни цели.

Во проектот покрај нашето училиште беа вклучени и следните училишта:

Специјален училишно-едукативен центар „Јануш Корчак“ од Шерас, Полска (координатор на проектот)

Економски колеџ „Џорџе Барициу“, Романија

Општо средно училиште во Газион „Доминикос Теотокопулос“, Крит,

Државно средно училиште за науки „Санти Саварино Партинико“, Сицилија, Италија

За активностите и резултатите на проектот повеќе информации на линкот до порталот:

https://school-education.ec.europa.eu/en/etwinning/projects/our-life-our-hands-second-synergy-erasmus/twinspace/pages/results

Co-funded by the Erasmus+ Programme of the European Union

The European Commission's support for the production of this publication does not constitute an endorsement of the contents, which reflect the views only of the authors, and the Commission cannot be held responsible for any use which may be made of the information contained therein.

*This document is openly licensed via CC BY 4.0*